Драган ВЕЛКОВ

# ФИНАНСИРАЊЕТО И ВООРУЖУВАЊЕТО НА ОПЕРАТИВНИТЕ СИЛИ НА СРПСКАТА ЧЕТНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1904 ДО 1908 ГОДИНА

Процесот на денационализација на македонскиот народ што на почетокот на XX век го спроведувале буржоаските влади на соседните на Македонија монархии — Србија, Бугарија и Грција — добил особено застрашувачки размери по Илинденското востание. Користејќи ја крајно неповолната состојба во која се нашла Македонија и македонскиот народ по Востанието, буржоаските државно-политички кругови на спомнатите монархии започнале да испраќаат во Македонија вооружени чети, трудејќи се, со нивна помош, да го докажат своето „право" над Македонија. Во овој однос не заостанувало зад другите ниту Кралството Србија. За кусо време буржоаските, теснонационалистички настроени кругови на оваа монархија, создале моќен полувоен механизам, определен да дејствува исклучиво на територијата на Македонија со цел да обезбеди превласт на српската буржоазија во оваа за неа од животно значење периферна турска провинција. Создавајќи силен четнички институт, владата на Кралството Србија ги обезбедила сите неопходни средства за успешна работа на овој механизам. Ова особено е видливо во периодот од 1904 до 1908 година, време во кое оперативните сили на српската четничка организација никогаш не го почувствувале недостигот од пари, оружје и други средства неопходни за пропаганда од ваков вид.

## I. Финансирањето на српската четничка организација

Српската четничка организација, како творба на владата на Кралството Србија, била организирана и финансирана од неа. Големите за она време суми парични средства, без кои не можела да се замисли егзистенцијата на оперативните сили на оваа организација, биле обезбедувани од касата на српска-

та влада која, преку разни фондови и строго дискретно ги испраќале до највисоките органи[1] на овој механизам, а овие според потребите што ги пројавувале оперативните сили на теренот им ги испраќале преку нивните помошни тела.[2]

За финансирањето на оперативните сили на српската четничка организација постои обемна архивска документација, но и покрај тоа не може да се добие целосна слика за висината на износот на овие средства како и за изворите од каде биле земани. Иако тоа не може да се согледа, со сигурност може да се констатира дека српската четничка организација и сите нејзини сили, како вооружен одред на српската буржоазија, биле финансирани првенствено од државната каса на Кралството Србија. Во почетокот, кога започнала да дејствува во Македонија, српската вооружена пропаганда можеби била финансирана од богати трговци, занаетчии или рентиери но, тоа не значи дека таа акција била „приватна иницијатива на неколкумина загреани српски националности", како што тоа имале обичај да го прикажат буржоаските историчари и државните кругови на Кралството Србија. Точен е фактот дека оваа акција ја планирале и финансирале највисоките државно-политички органи на Кралството Србија. За тоа дека српската влада била главен донатор на средства од кои егзистирала оваа полувоена организација, ќе потврдат и подолу изнесените податоци.

Финансирањето на српската четничка организација и нејзините оперативни сили на теренот на Македонија започнало уште од почетокот на 1904 година кога биле направени првите успешни пробиви на српските чети во Македонија, односно од другата страна на реката Вардар. Познавајќи ја природата на

1 Раководни органи на српската четничка организација биле Главниот четнички одбор кој бил нарекуван уште и Централен, Врховен па и Македонски Одбор, потоа, Извршниот одбор и Пословниот. Седиштето на првиот било во Белград додека на Извршниот и Пословниот во Врање. Поопширно за формирањето и дејноста на овие раководни тела на оваа организација види: Д. ВЕЛКОВ. Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година. Годишен Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Кн. 7 (33), Скопје 1981, 39—62.

2 Помошни тела на српската четничка организација биле пододборите. На територијата на Кралството Срббија такви пододбори биле формирани во Пирот, Крагуевац, Куприја, Параќин, Пожаревац, Велика Градишка, Лозница, Шабац, Ниш и Лесковац. За нивната дејност поопстојно види: Д. Велков, цит. прилог, 42—43; Пододбори оваа организација имала формирано и на теренот на Маекдонија и тоа во Куманово, Велес, Тетово, Кичево, Крушево, Дебар, Охрид и Порече. Според Д. Велокв, цит. прилогог, 60. За истото види: Тодоровски Глигор, Српската четничка организаццција и нејзината активност во Македонија. Гласник на Институтот за национална историја (понатаму ГИНИ), Г. XII/1, Скопје 1968, 182.

ваквата работа која барала огромни финансиски средства неопходни за издржување на овој многуброен и сложен механизам, државно-политичките органи на Кралството Србија презеле мерки за обезбедување на истите. Така, на 10 октомври 1904 година, Државниот совет на Кралството Србија, по указ на Кралот Петар I, одобрил кредит во висина од 200.000 динари во злато, а на име „важни и неодложени државни потреби"[3] под кое најчесто се доделувале средствата на оваа организација.

Финансирањето на оваа организација и нејзините сили од страна на српската влада било изведувано тајно и преку посебни фондови. Тоа најчесто биле фондовите на највисоките државни органи на власта, од кои, одделни личности заземале највисоки раководни места во овој хиерархиски устроен институт. Во овој однос на прво место стоело Министерството за надворешни работи кое водело прегледни статистики за сите издатоци на оваа тајна организација. Ова било логично бидејќи Министерството за надворешни работи на Кралството Србија било и седиште на Врховниот одбор на оваа организација, а овој факт го потврдуваат голем број документи од финансиска природа потпишувани, најчесто, од највисоките раководители, од секретарот или претседателот, во најголем број случаи од Никола Пашиќ.

Покрај тоа што било тајно, финансирањето на оперативните сили на оваа организација било и строго регулирано. Бидејќи централниот фонд за финансирање на оваа организација се наоѓал при Министерството за надворешни работи на Кралството Србија, сите останати организациони тела на овој механизам, директно се обраќале до истото, кое, под име „за одбрана на српството надвор од границите на Кралството, секогаш навреме ги испраќало бараните суми пари. Бидејќи била организација на српска влада, оваа не чувствувала недостиг од средства зошто, покрај редовните, за потребите на истата се одобрувале и вонредни кредити. Износот на тие средства бил висок зошто потребите од храна, плата, оружје, муниција, облека и од потплатување на локалните органи на турската власт, што било заедничко средство и за останатите пропаганди, бугарската и грчката, наложувале тој износ да биде секогаш висок. За илустрација на тоа, дека навистина оваа организација и сите нејзини сили не чувствувале недостиг од средства, ќе го наведеме статистичкиот преглед на Пословниот

[3] Архив на Македонија — Скопје. Министарство иностраних дела Краљевине Србије. Фонд: Политичко-Просветно одделење. Микро Филм бр. 731/246. (Понатаму АМ—С. МИД—КС. Ф. ПП—Одд. МФ.).

от[4] и Извршниот одбор[5] во Врање кои, покрај сите задолженија, воделе и точни финансиски прегледи за применените и потрошените средства. Според тој преглед, во периодот од 8 мај 1905 па се до 13 август 1906 година, Пословниот и Извршниот одбор на име приход од Министерството за надворешни работи на Кралството Србија добиле сума од 99500 динари во злато.[6] Оваа сума во текот на односниот период била зголемена за 498 динари и 60 пари, од кои 391 динар и 30 пари биле добиени во вид на прилози (од околните пододбори — Д. В.), а 107 динари и 30 пари биле земени во вид на данок во висина од 5% од кафециите во Врање кај кои најчесто престојувале четите пред да бидат уфрлени во Македонија.[7] Од вкупно 99.998 динари и 60 пари, колку што изнесувала таа сума, овие одбори во времето од 8 мај до 4 декември 1905 година потрошиле 43.998 динари и 60 пари додека, останатата сума од 56.000 динари, Извршниот одбор, по укинувањето на Пословниот во месец декември 1905 година, ги потрошил „за одбрана на српството" во периодот од 5 јануари до 13 август 1906 година.[8] Огромна сума пари Извршниот одбор во Врање, а на име престој, подготвување, вооружување и исплаќање на месечните принадлежности на четниците, потрошил кон крајот на 1906 година. Како што се гледа од еден документ овој одбор, во времето од 28 октомври до 31 декември 1906 година, потрошил сума од 12.707 динари и 90 пари. Оваа сума пари, иако била голема, во споредба со средствата што оваа организациај ги трошела во други временски периоди била сепак мала, а тоа било условено од фактот што во доцна есен и особено во зимските месеци, четите накусо ја прекинувале својата дејност бидејќи условите за четување биле непогодни.

---

4 Пословниот одбор на српската четничка организација бил формиран на состанокот што го одржал Врховниот или наречен уште и Главен одбор на 30 јуни 1905 година. Овој одбор бил укинат во месец декември 1905 год. За формирањето на овој одбор види: Д. Велков, цит. прилог, 51. Види и кај Г. Тодоровски, нав. прилог, 128; Оригиналниот документ за формирањето на овој одбор се чува во Државниот Архив на Секретаријатот за надворешни работи — Белград. (понатаму ДА — СИП — Белград). Ахривски фонд на Српската четничка организација стр. пов. 1904—1906. Фас. I;

5 Извршниот одбор бил формиран во месец август 1903 година. За неговото формирање види: Рафајловић Живојин, Наша прва чета — „Јужни Преглед", часопис за науку и књижевност, Г. V/6—7, јуни-јули, Белград 1930, 265;

6 ДА — СИП — Београд. Фонд: Извршни Одбор — Врање 1904—1906. Ф. VIII. Документот е оригинален и се чува во папка на документи од финансиска природа на овој одбор за 1905 година;

7 Исто таму;

8 Исто;

9 Да — СИП — Београд. Фонд: Извршни Одбор — Врање за 1907 год. Фас. бр. 9.

Солидна финансиска подлога српската четничка организација имала и за сиот нејзин апарат што дејствувал особено на теренот на Македонија. Финансирањето на нејзините оперативни сили се вршело преку српските конзулати во Скопје и Битола каде биле и седиштата на одборите. На овие одбори, Министерството за надворешни работи на Кралството Србија од својот фонд, на 28 февруари 1905 година „за вонредни потреби" испратило сума од 18.200 динари, од кои, Главниот четнички одбор во Скопје добил 10.000 а Битолскиот 8.200 динари.[10] Ако се има предвид времето кога биле испратени овие пари, тогаш, ќе се види каде тие биле исклучиво наменети за нејзините чети бидејќи, кон крајот на февруари и во почетокот на месец март, оператвните сили на оваа пропаганда ја започнувале својата пакосна дејност во Македонија. Впрочем и писмото на српскиот конзул во Скопје, Михајло Ристиќ, од 31 март 1905 година, испратено до Никола Пашиќ, тогаш Министер за надворешни работи и Министер претседател на владата на Кралството Србија, ја потврдува горната констатација со зборовите: „... Чест ми да Ве известам дека ги добив оние 10.000 динари во злато, наменти за вонредни потрби од строго доверлива природа во областа на овој конзулат ..."[11]

Недостиг од финансиски средства, српската четничка организација и нејзините оперативни сили, не чувствувале ниту во наредната 1906 година. Така, веќе е во средината на првата половина од 1906 година, Главниот одбор во Скопје, пак на име „за заштита на српството од бугарштината", добил сума од 20.000 динари,[12] а веќе во втората половина на односната година, за потребите на овој полувоен механизам, Народната скупштина на Кралството Србија одобрила кредит од 300.000 динари.[13] Овие показатели јасно говорат дека српската вооружена пропаганда во Македонија имала солидна финансиска подлога. Висината на тие средства од година на година растеле, што не било резултат само на зголемениот број на чети на теренот туку и на приоритетот што на овој вид пропаганда го давале највисоките органи на Кралството Србија. Најпосле, тоа покажува со каков елан се борела српската буржоазија за остварување на своите интереси во Македонија.

---

[10] АМ — Скопје. МИД — КС. Ф. Политичко Одделење. МФ. 457. Ф. бр. 3.

[11] АМ — Скопје, МИД — КС. Ф. ПП — Одд. МФ. 728. Фасциклата не е одредена. Актот е без датум и број.

[12] АМ — Скопје, МИД — КС. Ф. ПО. МФ. 470. Ф. бр. 5. Актот е потпишан од М. Жујовиќ, тогаш заменик министер зе надворешни работи.

[13] Исто таму. Оваа сума пари Народната Скупштина ја одобрила на својата седница од 21. II 1906 година, одржана во Белград.

Готвејќи се за што позасилена активност во наредната 1907 година главните раководни тела, кои најнепосредно биле ангажирани околу екипирањето на четите што требало да бидат уфрлени во Македонија, или пак оние што веќе биле на теренот, преку тајните канали добиле одредени суми на пари. Така, Главниот четнички одбор со седиште во Белград добил 28.000, Извршниот одбор во Врање 27.000, Скопскиот главен одбор 30.000, а Битолскиот 12.600 динари.[14] Интересно е да се спомне дека најголемиот дел од овие средства за 1907 година биле зголемени во текот на истата година. Во таа смисла карактеристичен е податокот за Скопскиот главен одбор дека тој, во времето од 8 март до 8 октомври 1907 година, потрошил на име „помош на постраданите Срби“ сума од 201.186 динари.[15] На име плата за четниците ,помош на семејствата на загинатите четници, плата на куририте и чуварите на складовите со оружје и муниција, како и за потплатување на претставници на локалната турска власт, Скопскиот главен одбор, во периодот од месец декември 1907 до месец септември 1908 година, потрошил сума од 106.000 динари.[16] Ова го потврдува во своето писмо од 10 септември 1908 година српскиот конзул во Скопје Живоин Балугџиќ кој под „строго доверливо“ го известил тогашниот Министер за надворешни работи на Кралството Србија, Милован Миловановиќ.[17]

Од дотука изнесените податоци јасно се гледа дека српската четничка организација и нејзините оперативни сили на теренот никогаш не чувствувале недостиг од средства. Во тој однос овој механизам и не можел да се судри со овој проблем бидејќи, како полувоена организација на српската буржоазија која се борела за остварување на нејзините мегаломански интереси во Македонија, била солидно финансирана и помагана од неа. Имајќи ги предвид сите дотука изнесени показатели може да се констатира дека, во овој поглед, вооружените сили на српската пропаганда во Македонија не заостанувале зад истите такви на соперничките пропаганди — бугарската и грчката.

Освен владата на Кралството Србија, во финансирањето на оваа полувоена организација учествувале и поголем број друштва кои, по карактерот на дејноста што ја вршеле, не биле ништо друго освен орудија на српската буржоазија, целосно

---

14 АМ — Скопје, МИД — КС. Ф. ПП — Одд. МФ. 787. Ф. VI — С. 398.

15 АМ — Скопје, МИД — КС. Ф. ПО. МФ. 476. Актот е без број, а е потпишан од Љуба Михајловиќ.

16 Исто таму. Фасцикла IV — серија „Ѓ“.

17 Исто таму. Писмото е испратено под строго поверливо. Број нечиток.

оринетирани во правец на остварување на нејзините интереси во Македонија. Меѓу тие друштва видно место заземале: „Коло српских сестара“,[18] друштвото „Свети Сава“[19] и друшттвото „Српска браћа“.[20] Особено активно на овој план било друштвото „Коло српских сестара“. Колку многу ова друштво било ангажирано во прибирањето секаква помош за српската четничка организација и нејзините сили на теренот, сведочи еден пример од 1904 година ,а имено, почнувајќи од почетокот на односната година па сè до месец септември, ова Друштво само на територијата на градот Белград имало растурено 1700 специјални кутии на кои било напишано „Помогнете на постраданите Старосрбијанци и Македонци“, а во кои се собирале средства за српските вооружени чети и испраќани во Македонија.[21] Ваква активност ова, Друштво развивало за цело време додека дејствувала српската пропаганда од овј вид во Македонија. За целта и за тоа колку многу ова Друштво ја помагало српската четничка организација и нејзините сили на теренот сведочи и еден говор на ученоит Јован Цвијиќ, одржан пред Управата на оваа Друштво, а во кој истакнал: „... Вие со многу пожртвување и такт се бавите со еден дел од националната работа, се специјализиравте и станавте стручњаци кои најдобро ги познаваат разноврсните патила на нашиот народ од разни краишта, ги ублажувате и смалувате. Освен хумана, тоа има и друга страна ...“[22]

Покрај ова друштво, овој полувоен механизам на српската буржоазија финансиски бил потпомаган и од друштвото „Свети Сава“ кое во времето од 1904 до 1908 година, издвоило поголема сума пари и други средства за српската четничка про-

[18] „Колото на Српските Сестри“ било националистичко друштво кое сестрано ја помагало дејноста на оваа организација. Ова друштво било формирано во месец јуни 1903 година.

[19] Друштвото „Свети Сава“ е формирано во 1886 година, а неговата дејност била под непосредна контрола на Политичко-Просветното одделение при Министерството за надворешни работи на Кралството Србија. За активноста на ова друштво повеќе види: Џамбазовски Климе, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје 1960, 180—199;

[20] Ова друштво исто така било националистичко. Неговата дејност строго ја контролирал Главниот четнички одбор. Инаку. ова друштво било ангажирано околу прибирање на четници, дејност најчесто обавувана меѓу Македонците печалбари во Кралството Србија.

[21] АМ — Скопје, МИД — КС. Ф. ПО. МФ. 470. Фасциклата е без број.

[22] Цвијиќ Јован., О националном раду. „Српски књижевни гласник“ (понатаму СКГ), Кн. XVIII/5 од 1. III — 1907 година, Београд 1907, 340;

паганда.[23] Освен од погоре споменатите извори српската вооружена пропаганда и нејзините оперативни сили се финансирале и од теренот во Македонија. Тие средства, за потребите на оваа пропаганда, биле собирани од оние села во Македонија каде што српската пропаганда го одржувала своето влијание преку црковно-училишната дејност од порано, а сега со помош на оружјето. Тоа особено било карактеристично по селата на Кумановскиот, Кратовскиот, Скопскиот, Велешкиот, Кичевскиот, Поречкиот и Кривопаланечкиот крај, каде што најчесто и во најголем број дејствувале српските чети. Како, и на кој начин, се собирале тие средства од пооделни села во Македонија, е содржано во мемоарите на српскиот четнички војвода Василије Трбиќ, кој за ова пишува: „... Постоеше благајник во чија каса влегуваше мал месечен влог од 1,2 грош, околу 10 пари подеднакво за сите, а во таа каса влегуваа и сите парични средства-казни, изречени во тоа село од погоре наброените институции..." (Мисли на Горскиот Штаб, реонските војводи и сл. Д. В.).

Меѓутоа, треба да се има предвид дека средствата што органите на оваа организација ги добивале од поодделните села во Македонија не биле резултат на патриотските чувства и желби на месното македонско население, или пак некаква негова благодарност за, ете, некаков „божемен ред" и „заштита" што српските оперативни сили им ги обезбедувале од „бугаризмот" туку, тие биле насилно или по демагошки пат изнудувани. Ова најдобро го потврдува една телеграма од 27. II. 1907 година, испратена од страна на Централниот одбор од Извршниот во Врање, во која, меѓу другото, се вели:

„... Цервинац ќе мора оваа сума да ја прибере од сите наши организирани села иако околу тоа ќе изгуби многу време. Меѓутоа, при сето ова ќе има и големи маки и незгоди да се нагоди колку од секое село да земе и на тој начин ги избегне сите оние непријатности што се поврзани со работите од овој вид..."[25] Овој пример уште еднаш потврдува дека српската четничка организација и нејзините оперативни сили, што исклучиво дејствувале на територијата на Македонија, не се судирале со проблемот од недостиг на финансиски средства. Ова дотолку повеќе, што оваа полувоена организација била

[23] Васиљевиќ Хаџи Јован., Споменица друштва „Свети Саве" 1886—1936, Београд 1936, 93;

[24] Трбиќ Василије, Војвода Велешки „Мемоари", Каиро 1944, 148.

[25] ДА — СИП — Београд. Фонд: ИО — Врање за 1907 годину. Фас. 4. Документ бр. 417. Цервинац бил псевдонимот на шефот на Скопскиот горски штаб за Источното Повардарие. Во случајов тоа бил конзулот Михајло Ристиќ.

вооружен одред на српската буржоазија од која била финансирана и координирана во нејзината работа на теренот на Македонија.

## II. Вооружувањето на српската четничка организација

Како механизам на српската буржоазија, која преку најразлични патишта, методи и средства се трудела да го докаже и оправда своето „право на Македонија", барајќи ги, при тоа, потпорните столбови на ова свое тврдење уште во средниот век, српската четничка организцаија како со пари така и со оружје била снабдувана од повеќе места. Снабдувањето на оваа организација со оружје првенствено било вршено од воените магацини на Кралството Србија каде што се чувале огромни резерви разновидно оружје за потребите на регуларната армија. Бидејќи била снабдувана од државните магацини, оваа организација не чувствувала недостиг од оружје, муниција и резервни делови. Вооружувањето на српската четничка организација од страна на највисоките државни органи на Кралството Србија датира од оној момент кога биле удрени темелите на овој хиерархиски устроен институт. Ова мошне категорично го потврдува и Јован Хаџи Васиљевиќ, и самиот учесник во оваа организација, кој за нераскинливата врска на воените кругови на Кралството Србија и српската четничка организација и нејзиното сестрано помагање, на едно место вака запишал:

. . . Како и дотогаш (мисли на српските вооружени акции во периодот од 1876—1878 год.), така и сега, војската беше единствена која го разбра значењето на оваа акција. Сите воени министри кои досега, и сè до Балканските војни се изредија, со сите можни средства ја помагаа оваа приватна иницијатива. Уште воениот Министер во Цинцар — Марковиќевиот кабинет, генералот Милован Павловиќ, даде од државните магацини сè она што е потребно за вооружување на ускоците во Стара Србија и Македонија. . ."[26]

Ваквата соработка на оваа организација и воените кругови на Кралството Србија била од послаб интензитет до средината на 1904 година. Почнувајќи оттогаш, кога таа „приватна иницијатива" била прифатена од сите слоеви на тогашното српско општество, вооружувањето на организацијата станало примарна грижа на државно-политичките органи во Кралството, а нејзината активност во Македонија, клучен проблем на српска-

[26] Васиљевиќ Хаџи Јован, Четничка акција у Старој Србији и Македонији, Београд 1928, 17;

та надворешна политика. Што се однесува до потеклото на оружјето со кое биле вооружани оперативните сили на оваа организација, тоа било различно. Освен од воените заводи на Кралството Србија, оружје за организацијата било набавувано и од страна — првенствено од Австро-Унгарија, Германија, Белгија и Франција.[27] Тоа оружје било обезбедувано со помош на трговци- шпекулатни кои исклучиво биле ставени во служба на српската државна политика и специјализирани за работа од овој вид. Архивските документи од ваков карактер се многубројни и најекспплицитно го потврдуваат ова.

Како и финансирањето така и снабдувањето на оваа организација и нејзините сили на теренот со оружје било строго регулирано и извршувано во рамките на максималната можна констипративност. Вооружувањето на овој механизам најнепосредно го изразувале Извршниот и Пословниот одбор во Врање кои секогаш и благовремено добивале оружје од воените магацини на Кралстваото Србија и истото го складирале во специјално подготвени складови што се наоѓале во близина на српско-турската граница во околината на Врање.[28] Оружјето во големи количества било искракано во Врање најчесто од воените магацини во Крагуевац и Ниш. Освен со оружје, воените органи на Кралството Србија ја снабдувале Организацијата и со сите видови муниција, како и со резервни делови, па во овој однос, Врање била добро утврдена воена зона во која се чувале резервите за српската пропаганда од ваков карактер. Како што веќе истакнавме, вооружувањето на оваа организација било Кралството. Таа грижа се состоела во фактот што при вооружувањето на четите се водела строга контрола за потеклото на оружјето, односно, доколку тоа било од чисто домашно потекло, претходно задолжително се бришеле знаците на државната сопственост.

„. . . Оние 30 ножеви што ги побаравте за брзометни пушки, можете да ги употребите но претходно да се избришат знаците на државната сопственост. . ." пишува во своето писмо од 27 март 1908 година Ценктралниот одбор до Извршниот во Врање.[29] Ваквата грижа на највисоките државни органи на Кралството Србија да се бришат знаците на државната сопственост

[27] За ова повеќе види: АМ — Скопје, МИД — КС. Ф. ПП — Одд. МФ. 751. Најголем број од документите од овој микро филм говорат за набавка на оружје за оваа организација од овие земји.

[28] ДА — СИП — Београд. Ф. ИО — Врање 1905—1907. Фас. VII — Стр. Пов. Вакви складови имало во Лесковац во близина на манастирот „Лепчинац", во селото Буштрање близу Врање, Во месноста „Медвеђа" во Сурдулица како и во градот Врање.

[29] ДА — СИП — Београд. Фонд: Централни Одбор Српске четничке организације. Деловна книга о Старој Србији и Македонији. Актот носи бр. 179;

на оружјето со кое требало да се вооружат оперативните сили целосно е одсликана и во едно строго доверливо писмо од 26. II 1908 год. Пов. Бр. 155 кое тогашниот воен Министер и аѓутант на Кралот Петар I, генералот Радомир Путник, му го испратил на Никола Пашиќ, а во кое пишувал:

Господине Министре,

„Во одговор на Вашето песмо од 23. II оваа година (1908 б.н.) Пов. Бр. 183, чест ми е да Ве известам дека денеска му наредив на командантот на Моравската дивизиска област, Првиот пешадиски полк да издаде 50 пушки модел 99 на господинот началник на Врањскиот округ, а за тамошниот Извршен одбор, откако знаците на државната сопственост ќе се избришат. . ."[30] Освен на оружјето, раководните органи на Кралството Србија воделе строго сметка и за сите други знаци на државната сопственост втиснати на облеката на регуларната српска армија, а со која исто така биле снабдувани сите српски чети. Ова е содржано во писмото од 26 август 1905 година кое што окружниот началник во Врање му го испратил на Алекса Јовановиќ, во кое го известил дека Министерот на војската одобрил за потребите на Извршниот одбор повеќе униформи од Првиот пешадиски полк, но претходно да се симнат од нив еполетите.[31]

Бришењето на знаците на државната сопственост од оружјето и сите воени материјали не било случајно. Таа претпазливост на највисоките органи била условена од евентуалните опасности и дипломатски усложувања што можеле да настанат во случај да се открие од странските дипломатски претставници во Македонија потеклото на оружјето со кое биле вооружени српските чети. Па сепак и покрај сите мерки на претпазливост не било тајна ниту за странските дипломатски претставници, ниту за органите на локалната турска управа, дека зад оваа акција стојат највисоките државно-политички кругови на Кралството Србија.[32] Ова особено им одговараше на органите на турската власт на теренот кои имаа многустрана корист од меѓусебните судирања на пропагандите, а за богати награди, често пати и шурувале со некоја од нив. Особено бројна е архивска-

---

[30] Исто таму. Фац. III — Стр. Пов. Документот е цитиран и од Г. Тодоровски, нав. статија, 190—191;

[31] Исто таму;

[32] ДА — СИП — Београд. Ф. Централни Одбор Српске четничке организације за 1906 годину. Стр. Пов. Види Записник од седница од 16. III 1906 година.

та документација од која се гледа соработката на одделни претставници од турската власт со вооружените српски чети на теренот и сл.

Покрај тоа што ја вооружиле, раководните орагни на оваа Организација, големи количини на оружје испраќале и на теренот во Македонија.[33] Со тоа оружје, кое првенствено било растурано по оние краишта каде што српската пропаганда од овој вид имала фатено корени, покрај четите, биле вооружени и селаните што биле опфатени од мрежата на оваа Организација. Грижата околу префрлањето на ова оружје на теренот ја водел Извршниот одбор од Врање. Преносот на истото го вршеле луѓе, подготвени за оваа рбота, а тоа секогаш било тајно доставувано на определеното место.

Општо речено, вооружувањето на Српската четничка организација од страна на воените кругови на Кралството Србија било перманентно во текот на сиот период додека дејствувала оваа пропаганда во Македонија. За тоа со колку многу оружје, располагала оваа организација ќе наведеме, за илустрација само еден од многуте такви примери за кои постои обемна архивска документација што се чува во фондот на истата во Дипломатскиот архив во Белград. Кон средината на месец август 1908 година кога, по силата на настаните од Младотурската револуција, вооружените пропаганди на соседните на Македонија монархии — Србија, Бугарија и Грција — биле принудени накратко да ја прекинат својата активност, во магацините на Извршниот одбор во Врање се наоѓале огромни резерви разновидно оружје наменето за четите. Во своето писмо од 15. VIII 1908 година Извршниот го известил Централниот одбор во Белград дека во магацинот на првиот, сместен во Лепчинската црква, имало 13 сандаци берданови пушки — 260 примероци, 25 сандаци муниција или 29.376 куршуми за овој вид пушка, 12 сандаци мартинки со 12.000 куршуми, 4 сандаци брзометни пушки со 600.000 куршуми, 2 сандака манлихерови пушки со 2.250 куршуми и 3 сандаци пибодиеви пушки со 2.808 куршуми. Покрај спомenatoto оружје, во магацинот на Извршниот одбор се наоѓале и голем број бомби, ножеви, резервни делови, ударни игли, облека и разни други видови експлозивни материјали.[34]

Од сето погоре изнесено произлегува дека оваа организација ниту за пари ниту за оружје не чувствувала недостиг. За тоа секогаш и благовремено се грижеле најодговорните државни органи на Краството Србија. Сето тоа пак покажува дека српската пропаганда во Македонија била вооружана интервен-

[33] ДА — СИП — Београд. Ф. ИО — Врање за 1906 годину. Фасц. VI. Док. бр. 1796.

[34] Исто таму;

ција на Кралството Србија, односно, заедно со останатите пропаганди — бугарската и грчката — претставувала необјавена војна, водена исклучиво против македонскиот народ и неговата борба за национално и социјално ослободување. Затоа не може да стане збор за тоа дека една ваква организација била идеја на група националисти дотолку повеќе што таа, по своето внатрешно устројство, состав и карактер, била типична полувоена организација на српската буржоазија, односно српската влада, која раководеше со целокупниот внатрешно-економски и надворешно-политички живот на Кралството Србија. Најодзади, ова организација, со сите свои оперативни сили на теренот, беше еден од многуте фактори што му нанесе големи пакости на македонскиот народ, оневозможувајќи му го неопходното единство во претстојните борби за национално и социјално ослободување.

Драган ВЕЛКОВ

## ФИНАНСИРОВАНИЕ И ВООРУЖЕНИЕ ОПЕРАТИВНЫХ СИЛ СЕРБСКОЙ ЧЕТНИЧЕСКОЙ ОРГАНИЗАЦИИ В МАКЕДОНИИ В 1904 — 1908 ГГ

### Резюме

Тягчайшее положение, в котором очутился македонский народ после подавления Илинденского восстания, имело пагубные последствия на дальнейшее развитие и жизненные условия в Македонии. Внутренняя Македонско-одринская революционная организация, 10 лет готовящая македонский народ к борьбе за свободу, была разгромлена после восстания. В ее разгроме ведущую роль сыграли верхивистские силы болгарского двора Кобургов и пропаганда соседних балканских монархий — Королевства Сербии и Греции. Добиваясь осуществления своих прежних планов по отношению к Македонии, буржуазные правительства королевств Сербии, Болгарии и Греции сразу после восстания развернули в Македонии широкую пропагандистскую деятельность. Даже церковно-школьная пропаганда была заменена после восстания новым видом пропаганды — вооруженной пропагандой.

В статье речь идет о вооруженной пропаганде Королевства Сербии в Македонии в период 1904—1908 гг. Начиная с начала XX века, и особенно в период 1904—1908 гг, тайная, полувоенная четническая организация буржуазии Королевства Сербии развернула на территории Македонии неблаговидную деятель-

ность. В Македонию направлялись многочисленные отряды, вооружаемые на территории Королевства Сербии и проходившие военную и пропагандистскую подготовку под руководством военнослужащих регулярной армии Сербии.

Финансовые средства и оружие для оперативных сил этого военизированного механизма обеспечивались правительством Королевства Сербии.

Многочисленные и в большинстве своем еще неопубликованные материалы являются свидетельством этой деятельности.

Эта деятельность оперативных сил вооруженной пропаганды Королевства Сербии в Македонии ставила себе целью присоединение Македонии к Королевству Сербии, не считаясь при этом с правом македонского народа на собственную государственность, а также с исторически обусловленным процессом — формированием из македонского народа нации.